03-1154/2
12.06.23

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот поднесено на 05.06.2023 година и примено на 05.06.2023 година , имателот на информацијата ЈП Паркови и зеленило Скопје го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер :

Дали согласно колективниот договор за комунални дејности од Ваша страна е донесена било каква одлука околу исплаќање на надоместок за годишен одмор и надоместок за новогодишен додаток за години 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 година

Се УВАЖУВА

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од од Скопје, имателот на информацијата ЈП Паркови и зеленило Скопје Ви ја доставува информацијата:

Во ЈП Паркови и зеленило не е донесена никаква Одлука околу исплаќање на надоместок за годишен одмор и надоместок за новогодишен додаток за годините 2018, 2019, 2020 и 2021 додека за 2022 година донесена е Одлука на Управниот одбор на претпријатието за исплата на надоместок за годишен одмор за истата година, но надоместокот до денешен ден не е исплатен.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во ЈП Паркови и зеленило на 12.06.2023 година, под бр.03-1154/2

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Елизабета Георгиевска-раководител на Одделение за односи со јавност

До:

Јавно претпријатие Паркови и Зеленило Скопје

Бул.Илинден бр.104

Скопје

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - СКОПЈЕ
PARQE DHE GJELBËRIME - SHKUP
Примено: 05 06 23
03-1154/1

БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП НА ИНФОРМАЦИЈА ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Почитувани;

Ова барање го поднесувам до вас согласно Законот за слободен пристап на информации од Јавен карактер со кое барам од ваша страна да ми доставите информација за следното:

- Дали согласно колективниот договор за комунални дејности од ваша страна е донесена било каква одлука околу исплаќањето на надоместок за годишен одмор и надоместок за новогодишен додаток за години 2018,2019,2020,2021 и 2022 година?

Ви благодарам.